КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“
ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство

национална SOS 15-315
линија за жртви од семејно насилство

2022

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ



info@krizencentar@org.mk; sovet@krizencentar.org.mk; www.krizencentar.org.mk
тел. 15-315; 02 3 173-424 тел/факс. 02 3 175-516

*Изминатата 2022 беше година на повторно враќање на работите кон нивниот нормален тек, секако онаму каде што тоа беше возможно. Со оглед на начинот на функционирање за време на КОВИД 19 пандемијата во текот на целата 2021 година, Кризен Центар „Надеж“ го задржа тој хибриден модел во одредени сегменти, како на пример одржување на онлајн состаноци, работилници, едукативни сесии, покрај оние што се одржуваа со физичко присуство. Покрај тоа, продолживме да работиме почитувајќи ги највисоките стандарди поставени од Министерството за здравство и Владата на Република Северна Македонија, во насока на обезбедување највисок степен на почитување на мерките за заштита со цел безбеден престој за сместените жртви, но и безбедни здравствени услови за работа на ангажираните стручни лица. Продолжуваме да посветуваме особено внимание на хигиенските услови во центарот и вршење на редовна дезинфекција на просторот и средствата за работа.*

*Согласно Стратегискиот план и стратешките приоритети на Кризен Центар „Надеж“, како и Програмата за работа за 2022 година, во текот на целата година организацијата продолжи со спроведување на своите редовни активности на национално ниво. Во таа насока, Кризен Центар „Надеж“ на национално ниво нуди услуги на првична правна помош и правно советување, психолошко советување и поддршка, едукација, подигнување на јавната свест и превенција од семејно и родово-базирано насилство. Во изминатата година беа организирани голем број активности, обуки, работилници, семинари со цел доближување до главната цел, а тоа е свет ослободен од насилство.*

# ***РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ***

**Проект**: **„Заштита и згрижување на жртви на семејно насилство”**
**Донатори**: Министерство за труд и социјална политика / Град Скопје / Општина Гази Баба
**Период на спроведување:** јануари - декември **2022**
**Целна група:** жртви и потенцијални жртви на семејно насилство

**Реализирани активности и постигнати резултати во период од јануари 2022 до декември 2022:**

Обезбедување на информации за стручна и друг вид на помош на жртвите на семејно насилство. Обезбедување на сигурен и безбеден привремен престој од 24-48 часа, поврзување и упатување во соодветни институции и зајакнување на сервисите за работа со жртвите на семејно насилство.

- **Упатувања и остварени контакти за случаи на семејно насилство:** од вкупниот број на примени повици во текот на 2022 година – **514** на националната СОС линија, од наша страна се направени:
  - 428 упатувања до ЦСР,
  - 289 упатувања до полициски станици
  - 121 упатувања до здравствени установи
  - 53 упатувања до граѓански организации.

  Контактите и упатувањата се направени согласно примениот повик и надлежноста на институциите и организациите од цела територија на Република Северна Македонија. Во текот на 2022 година беше остварен директен контакт со:
  - Центрите за социјална работа – 343 пати
  - Полиција – 126 пати
  - Здравствени установи - 23 пати
  - Граѓански организации – 48 пати

Од 2020 година во време на кризата со Ковид-19, беше започната и праксата да се примаат пријави и советувања и упатувања со користење на онлајн алатките, односно преку Facebook, Instagram и е-маил. Во текот на целата 2022 година беа примени **428** пораки и тимот на Кризен Центар „Надеж“ соодветно одговори на сите и преку овие пораки беа договарани и онлајн сесии и советувања.

- **Згрижувања**: во просториите на Кризен Центар „Надеж“ во текот на 2022 година беа згрижени вкупно **81 лица - 35 жени и 46 деца** - жртви на семејно насилство. Тие беа згрижени во кризниот период од 24-48 часа и за тој период им беше обезбедено храна, хигиенски средства, облека и лекарства. Во текот на престојот им беше обезбедена психо-социјална поддршка и советување, како и правни совети.
  Во текот на 2022 година, за време на престојот во КЦ „Надеж“ главно се почитувани редот и правилата на центарот, и не се забележани проблеми во текот на згрижувањето на жените жртви и нивните деца. Забележливо во текот на 2022 година беше дека од страна на Судовите и Јавните обвинителства се чека подолг период за изрекување привремени мерки за заштита, како и обвинителен акт, што дополнително ја отежнува ситуацијата на жртвите, кои подолг период треба да поминат во згрижувачки капацитети, оддалечени од местото на живеење како и од училиштата каде што децата посетуваат настава.

- **Едукации**: остварени беа вкупно **329 едукации со 162 жртви** на семејно насилство. Во текот на едукациите им беше дадена психо-социјална поддршка, беа разработувани планови за безбедност, детали за пријавување и упатување во случај на насилство, како и детални информации за динамиката на семејно насилство и беа разработувани доживувањата и нивното актуелно функционирање со цел емоционално да се зајакнат. Едукациите се одвиваа во време траење од 1 до 2 часа, во зависност од потребите на корисничките. Повеќето од едукациите и советувањата беа одржувани онлајн, со користење на платформите ZOOM, Teams, Viber и Facebook, додека со згрижените жртви, сите советувања, едукации и психо-социјална поддршка се одржуваа во Кризен Центар „Надеж“ во текот на нивниот престој. Бесплатен правен совет добиле 30 лица кои побарале правна помош.

- **Задоволство од обезбедена услуга -** сместување во интервентен шелтер: Кризен Центар „Надеж“ својата **успешност во работењето** ја оценува **според степен на задоволство** од обезбедена услуга на корисник. Согласно работата на организацијата податоците кои се добиени го претставуваат мислењето на луѓето коишто биле згрижени во рамките на Кризен Центар „Надеж“ и нивната соработка со тимот на стручни работници. Обезбедените одговори се добиени по пат на анонимно и доброволно учество. Опфатени беа 35 испитанички во период од 12 (дванаесет) месеци (01.01.2022 - 31.12.2022 год.) **и вкупното задоволство** од обезбедената услуга изнесува **92.85 %**.

## ПРОЕКТ: „Институционална поддршка“

**Донатор**: Цивика Мобилитас

**Период на спроведување**: јули 2020 – јуни 2022

**Целна група:** Целна група на овој проект е самата организација, односно персоналот во организацијата за институционално јакнење и организациски развој.

**Реализирани активности и постигнати резултати во период од јануари 2022 до јуни 2022:**

- Обезбедена психо-социјална и правна помош на **81 жртва на семејно и родово-базирано насилство**;
- Одржани **11 работилници** од отворен карактер за едукација и покренување на јавната свест;
- Организирана **кампања на социјални мрежи** која допрела до **31.555 граѓани** ширум целата држава;
- Остварена комуникација со **12 бизниси** со цел прибирање на финансиска поддршка од бизнис секторот;
- Организирани **5 акции** за прибирање на индивидуални донации;
- Организирана **завршна конференција** за презентирање на постигнати резултати.












**ПРОЕКТ: „Поддршка на иновативни практики за само-грижа, благосостојба и издржливост на професионалците кои работат со жртви на родово - базирано насилство во Република Северна Македонија“**

**Донатор**: програма CARE GBV на USAID

**Период на спроведување**: јули 2021 – јули 2022

**Целна група:** Целна група на овој проект се професионалците што работат директно со жртви на семејно насилство, претставници од граѓанските организации и институции надлежни за заштита на жртви од родово-базирано и семејно насилство.

**Реализирани активности и постигнати резултати во период од јануари 2022 до јули 2022:**

- Подготвена и дистрибуирана една **Програма за обука за стекнување вештини за самогрижа, благосостојба и издржливост[1],** наменета за професионалци кои работат со жртви на родово-базирано и семејно насилство;
- Одржани **2 обуки** за само-грижа, благосостојба и издржливост, на кои учество зедоа **36 професионалци** кои се дел од Граѓански Организации, ЈУ Меѓуопштински Центри за социјална работа, Полициски станици и Одделение за семејно насилство;
- Обезбедени **4 групни менторски сесии**, за вкупно 40 професионалци;
- Обезбедени **50 индивидуални менторски сесии** за вкупно 50 професионалци;
- Обезбедени **2 групни сесии за психо-социјална поддршка** за вкупно 30 професионалци;
- Обезбедени **по 2 индивидуални сесии за психо-социјална поддршка** водени од лиценцирани психолози и психотерапевти за **30 професионалци**, вкупно 60 сесии за психо-социјална поддршка;
- Подготвен и дистрибуиран еден **Прирачник за стекнување вештини за самогрижа, благосостојба и издржливост[2]**, наменет за професионалци кои работат со жртви на родово-базирано и семејно насилство.

[1] „Програма за обука за стекнување вештини за самогрижа, благосостојба и издржливост„ наменета за професионалци кои работат со жртви на родово-базирано насилство (krizencentar.org.mk)

[2] Прирачник за стекнување вештини за самогрижа, благосостојба и издржливост (krizencentar.org.mk)


„Поддршка за иновативни практики при грижата за себе си, благосостојбата и издржливоста кај професионалците кои работат со жртви на родово-базирано насилство“
ПРОЕКТ ПОДДРЖАН ОД АГЕНЦИЈАТА НА САД ЗА МЕЃУНАРОДЕН РАЗВОЈ - УСАИД
КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“ ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
PLEIADES
USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE


ЕМОЦИОНАЛНАТА СТАБИЛНОСТ НА ЕДИНКИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗНАЧИ СТАБИЛНОСТ НА ОПШТЕСТВОТО ВО КОЕ ЖИВЕЕМЕ.
- Вишња Дурацоска
Тренер за животни вештини
КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“ ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
PLEIADES
USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE


You are viewing Maja Smilevska's screen
View Options
Манифестации на стрес кај професионалци кои работат со жртви на РБН
Физички: прегореност, намален имунитет, тикови, главоболки, мускулно-скелетални проблеми и соматски
Психолошки: симптоми на депресија и анксиозност: негативни мисли, немир или несоница и чувство на осаменост, неможност лицето ментално да се одвои од работата.
Бихејвиорални: последици по односите со корисниците, демотивација во работата и губење на емпатијата.
STRESS
Sandra Krstevsk...
Maja Smilevska
ELIZABETA TALESKA
Каролина Попова
Unmute
Stop Video
Participants
Chat
Share Screen
Record
Reactions
Apps
Leave


„Обука за само-грижа, благосостојба и издржливост“
- Наменета за професионалци кои работат со жртви на родово-базирано насилство во Република Северна Македонија
Обуката од која бев дел, пред сè ме исполни со убава енергија и ми даде нова перспектива кон секојдневната работа. Во нашата работа навистина е важно да научиме како да ја исчистиме душата од сè што може да остави белег, мисла, несоница.
Билјана Јеремиќ
Помошник Началник на Одделение за семејно насилство
МВР - СВР Скопје
КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“ ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
PLEIADES
USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД


BURNOUT
STRESS
Suppressed emotions
Uncontrollable emotions
Could end up to emotional damage
Could end up to physical damage
Loss of hope and motivation
Loss of energy
Leads to separation and depression
Leads to restlessness
Creates feeling of helplessness
Creates feeling of urgency
КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“ ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
PLEIADES
USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

**ПРОЕКТ: „Прв годишен работен план за имплементација на Стратешкиот план на Кризен Центар „Надеж“ 2022-2025“**

**<u>Донатор</u>**: Европска Унија – ИПА програма

**<u>Период на спроведување</u>**: јануари 2022 – декември 2025

**<u>Целна група:</u>** Жени и деца – жртви на семејно насилство; Деца и млади на територијата
на цела Република Северна Македонија.

**<u>Реализирани активности и постигнати резултати во период од јануари 2022 до декември 2022:</u>**

- Обезбедена помош и поддршка на **81 корисници** на услугата **сместување во интервентен шелтер**, од кои 35 жени и 47 деца;
- Обезбедена редовна помош и поддршка преку **Национална СОС Линија**, 15-315, на **514 жртви и потенцијални жртви** на семејно и родово-базирано насилство;
- Редовно и континуирано помагање на **428 корисници** на нашите услуги преку **социјалните канали** на Кризен Центар „Надеж“;
- Унапредување на системот за контрола на квалитетот од обезбедена услуга **кризно сместување во интервентен шелтер** и подготовка на **2 полугодишни извештаи** за задоволство од услугата и нивно објавување на веб страната на Кризен Центар „Надеж“;

**Првиот извештај се однесува на период од **01.01.2022 – 30.06.2022,** во кој учество земале **18 испитанички** и истиот е достапен на следниот линк: [shorturl.at/eBM28](shorturl.at/eBM28)*
*Вториот извештај се однесува на период од **01.07.2022 – 31.12.2022** и во него учество зеле **17 исшитанички**. Извештајот е достапен на следниот линк: [shorturl.at/muR16](shorturl.at/muR16)*

- Подготовка и дистрибуција на **3 едукативни материјали** за превенција на родово-базирано и семејно насилство;
- Организирани **6 индивидуални сесии за супервизија и менторство** со вработените лица на квартално ниво, водени од сертифициран тренер за животни вештини на следните теми: идентификација и препознавање на стресот, стратегии за ослободување од стрес, избегнување исцрпеност и одржување на менталното здравје на персоналот;
- Одржана обука за **проектен менаџмент** за тимот на Кризен Центар „Надеж“ на која беа опфатени основите за планирање, пишување, спроведување и известување за проекти, како и за буџетски план и подготовка, и финансиско управување;
- Подготовка на **10 предлог проекти** до домашни и странски донатори;
- Одржана обука за **прибирање на финансиски средства** за тимот на Кризен Центар „Надеж“.

# ДОНАЦИИ

- **Dm дрогерие маркт ДООЕЛ** донираа бела техника за опремување на шелтерот и препарати за лична хигиена за корисничките на нашите во износ од **120.000 денари.**
- **Orsay Скопје** донираа женска гардероба за корисничките на нашите услуги во износ од **141.331 денари.**
- За потребите на кризниот шелтер, **Анекс Експорт-Импорт** продолжуваат со континуираната донација на тоалетна хартија и влажни марамчиња, во износ од **2.561 денар.**

# ДРУГИ ПОВАЖНИ АКТИВНОСТИ

- **Потпишување на меморандуми за соработка со Меѓуопштинските центри за социјална работа во Скопје и Тетово**

Потпишувањето на овие меморандуми беше со цел унапредување на пристапот до квалитетни услуги кои на жртвите на семејно насилство ќе им овозможат олеснет и подобрен пристап до правда. Создавањето на функционален систем кој ќе придонесе за спречување на семејното насилство е обврска која ни припаѓа на сите нас.

- **Учество на Ден на граѓанските организации 2022 - Фестивал на Цивика мобилитас**

Кризен Центар „Надеж“ учествуваше на петтиот Фестивал на Цивика мобилитас., што се одржа на 24 септември 2022 година пред Дом на АРМ, зад музејот „Мајка Тереза“ Кризен Центар „Надеж“ имаше свој штанд на кој ги претстави своите активности и истовремено беа поделени разновидни промотивни материјали со цел покренување на јавната свест за семејното насилство.

- **Организирање на јавна трибина на тема: ,,Заштита и превенција од семејно насилство низ годините и денес"**

Кризен Центар „Надеж“ во соработка со Општина Гази баба и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при ОГБ, на 29.11.2022 година во културниот дом „Димитар Влахов“, одржаа јавна трибина на тема: „Заштита и

превенција од семејно насилство низ годините и денес“. Овој настан се одржа во рамки на кампањата „16 дена активизам за борба против насилството врз жените“. За време на јавната трибина се обратија: Маја Ацевска – Претседател на Кризен Центар „Надеж“, Бобан Стефковски – Градоначалник на ОГБ, М-р Љиридон Бафтији – Директор на ЈУ МЦСР Скопје, Билјана Јеремиќ – Началник на одделение за семејно насилство при МВР – СВР Скопје и М-р Живко Белчев – Претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при ОГБ.
За време на јавната трибина се истакнаа позитивните промени, но и недостатоците кои се уште постојат и на кои треба да се работи многу и во иднина, со цел подобрување на состојбата со овој горлив општествен проблем.

- **Учество во менторски процес за креирање на Комуникациска стратегија**

Тимот на Кризен Центар „Надеж“ подготви комуникациска стратегија со поддршка на ментор обезбеден од Коалиција на младински организации СЕГА. За нејзина изработка како главен документ се користеше организацискиот Стратешки план 2022-2025. При прегледување на податоци и статистики од социјалните мрежи на КЦ Надеж (Facebook, Instagram, Twitter, website), се дојде до заклучок дека организацијата има потреба од изработка на ваков документ кој ќе и послужи во иднина за поголема видливост на организацијата и воедно ќе биде поструктуриран план за комуникација како внатре во организацијата, така и со останатите чинители и конституенти.










КРИЗЕН ЦЕНТАР „НАДЕЖ“
ТЕЛЕФОН НА ДОВЕРБА
Здружение на граѓани за заштита на жртви од семејно насилство

info@krizencentar@org.mk; sovet@krizencentar.org.mk; www.krizencentar.org.mk
тел. 15-315; 02 3 173-424 тел/факс. 02 3 175-516

*За реализација на сите активности во 2022 година, огромна благодарност за поддршката изразуваме кон* ***Министерството за труд и социјална политика****,* ***Општина Гази Баба****,* ***Град Скопје****,* ***Цивика Мобилитас****,* ***УСАИД и Европската Унија****, како и особена благодарност до општествено одговорните компании* ***Dm дрогерие маркт, Orsay и Анекс.***

*И во 2023 година продолжуваме со активности за борба против насилството врз жените и девојките и семејното насилство и се бориме за постигнување на родовата рамноправност.*

***Скопје, 10.01.2023 година*** ***Кризен Центар „Надеж“***